# Додаток 3.1 – EIA Одлука

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
СКОПЈЕ

| Примено: | 13-12-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 4970/3 | | |

Архивски бр. 11-2875/2

Дата: 07. 12. 2018

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

ДО : Јавно претпријатие за државни патишта
ул. Даме Груев бр.14
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на решение

**ВРСКА:** Ваш број 08-4970/2 од 02.05.2018 година

Согласно Вашето известување за намера за изведување на проектот – "Изградба на државен пат А2, делница Букојчани-Кичево (варијанта со тунел) во вкупна должина од околу 13 км", за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за Државни патишта, во прилог на овој допис Ви го доставуваме Решението со кое се утврдува потребата од оцена на влијанието на проектот - "Изградба на државен пат А2, делница Букојчани-Кичево (варијанта со тунел) во вкупна должина од околу 13 км", како и определениот обем на оцената на влијанието на проектот врз животната средина.

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**Sadulla Duraki**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

Изработил: Дејана Тодоровска
Контролирал:Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

To: Public Enterprise for State Roads

Subject: Delivery of decision

Related to: Your number 08-4970/2 from 02.05.2018

In accordance with your Notification for the intention of realization of the project – “Construction of state road A2, section Bukojchani – Kichevo (tunnel option) with a total length of approximately 13 km” for the needs of the Investor PE for State Roads, we are sending you the Decision which confirms the necessity for assessment of the impact of the Project – “Construction of state road A2, section Bukojchani – Kichevo (tunnel option) with a total length of approximately 13 km” as well as the scope of the project impact assessment on the environment.

*Yours Sincerely,*

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11-2875/2 од 07. 12. 2018 година

Скопје

Врз основа на член 81 став 8 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# РЕШЕНИЕ
## за утврдување на потреба од оцена на влијание врз животната средина

1. Се утврдува потребата од оцена на влијанието врз животната средина на проектот:"Изградба на државен пат А2, делница Букојчани-Кичево (варијанта со тунел) во вкупна должина од околу 13 км", за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за Државни патишта.
2. Обемот на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина е определен во Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина: прашања за карактеристиките на проектот, која е составен дел на ова решение.
3. Обемот на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина покрај определената Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, прашања за карактеристиките на проектот, треба да ги опфати и прашањата кои се однесуваат на: геолошки и хидрогеолошки аспекти, влијанијата врз сите медиуми на животната средина, визуелни аспекти, биолошка разновидност, кумулативни влијанија и социо-економски аспекти.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

## *Образложение*

На ден 03.05.2018 година од страна на инвеститорот Јавно претпријатие за Државни патишта со седиште на ул. "Даме Груев" бр. 14, во Скопје, до Министерството за животна средина и просторно планирање достави известување за намера за изведување на проект: "Изградба на државен пат А2, делница Букојчани-Кичево (варијанта со тунел) во вкупна должина од околу 13 км".

Автопатот А2, делница Гостивар - Кичево, поделница Букојчани-Кичево е дел од патниот коридор VIII кој поминува и низ Република Македонија протегајќи се во правец исток - запад, од границата со Република Бугарија до границата со Република Албанија. Се очекува изградбата на овој автопат да ги подобри патните врски во земјата, како и со соседните земји и да ја подобри економската и социјалната размена меѓу нив, да ја подобри безбедноста во сообраќајот и социо-економскиот живот во целина.

Со проектот се предвидува изградба на делницата Букојчани-Кичево (варијанта со тунел) во вкупна должина од 12+727.99 км. Анализираниот автопат А2, делница Букојчани - Кичево минува низ територијата на општина Кичево, лоцирана во југо-западниот плански регион.

Министерството за животна средина и просторно планирање, по добивање на известувањето пристапи кон разгледување на истато. Согласно член 81 од Законот за животна средина, постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанијата на проектите врз животната средина се врши за проекти определени согласно член 77 од Законот за животната средина.

Согласно Уредбата за определување на проекти и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 74/05, 109/09, 164/2012 и 202/2016) предложениот проект се наоѓа во Прилог I – Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина, точка 7 – Изградбата на: б) автопатиштата и за истиот задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

За таа цел се пристапи кон пополнување на Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина: прашања за карактеристиките на проектот и се изврши определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Покрај прашањата опфатени во Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, инвеститорот треба подетално да ги разработи следните прашања:

*Геолошки и хидрогеолошки аспекти*

Овие аспекти се важни во релација со животната средина во текот на фазата на изградба на овој вид на проекти. Од тие причини претставуваат важен сегмент која треба да ги опфати Студијата за ОВЖС.

*Влијанијата врз сите медиуми на животната средина*

Овие аспекти се важни за овој вид на проекти во релација со животната средина во текот на фазата на изградба, а особено во оперативната фаза. Од тие причини претставуваат важен сегмент која треба да ги опфати Студијата за ОВЖС

*Визуелни аспекти*

Овие аспекти се важни во релација со животната средина во текот на оперативната фаза и во фазата на искористување на овој вид на проекти. Од тие причини претставуваат важен сегмент на Студијата за ОВЖС, која треба да опфати ефекти врз пределот.

*Биолошка разновидност*

Студијата за ОВЖС треба да вклучи анализа на состојбите со билошката разновидност на подрачјето, евентуално присуство на заштитени и засегнати видови живеалишта, присуство на заштитени подрачја, евидентирани подрачја за заштита, присуство на еколошки мрежи, како и потенцијалните влијанија од спроведување на проектот.

*Кумулативни влијанија*

Овие аспекти се важни за овој вид на проекти во релација со животната средина во текот на фазата на изградба, а особено во оперативната фаза. Студијата за ОВЖС треба да вклучи анализа на кумулативните ефекти.

*Социо-економски аспекти*

Оцената на социо-економските аспекти ќе даде преглед на потенцијалните директни и индиректни ефекти од проектот врз економијата и социјалните состојби во подрачјето од спроведување на истиот.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 2 од Законот за животна средина.

**МИНИСТЕР**
**Sadulla Duraki**

Изработил: Дејана Тодоровска
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

Based on Article 81, Paragraph 8 from the Law on Environment (Official Gazette of the Republic of Macedonia no. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 and 39/2016), the Minister of Environment and Physical Planning has made the following

**DECISION**

**on determination of the need and scope for environmental impact assessment**

1. The need for environmental impact assessment of the Project: “Construction of state road A2, section Bukojchani – Kichevo (tunnel option) with a total length of approximately 13 km” has been determined, for the needs of the Investor PE for State Roads.
2. The scope of the Study on assessment of the impact of the Project on the environment is defined in the Checklist for determining the scope of the environmental impact assessment study: questions on the project characteristics, which is composing part of this decision.
3. The scope of the Study on assessment of the impact of the Project on the environment apart from the Checklist for determining the scope of the environmental impact assessment, questions on the project characteristics, shall also include the questions that refer to the: geological and hydrogeological aspects, impacts on all of the environmental media, visual aspects, biological diversity, cumulative impacts and socio-economic aspects.
4. This Decisions shall enter into force on the day of its adoption and will be published in at least one daily newspaper which is available on the whole territory of the Republic of Macedonia, on the internet website, as well as on the notice board in the Ministry of Environment and Physical Planning.

On day 03.05.2018 the Investor “Public Enterprise for State Roads”, situated on st. “Dame Gruev” no.14 in Skopje has delivered a notification to the Ministry of Environment and Physical Planning for the intention of realization of project “Construction of state road A2, section Bukojchani – Kichevo (tunnel option) with a total length of approximately 13 km”.

The highway A2, section Gostivar – Kichevo, subsection Bukojchani – Kichevo is part of the road corridor VIII that passes through the Republic of Macedonia, extending in direction east-west, from the border with the Republic of Bulgaria to the border with the Republic of Albania. It is expected that this highway construction improves the road connections within the country as well as with the neighboring countries and also to improve the economic and social exchange between them, to improve the traffic safety and the socio-economic conditions in general.

The Project proposes construction of the section Bukojchani – Kichevo (tunnel option) with a total length of 12+727.99 km. The analyzed highway A2, section Bukojchani – Kichevo passes through the territory of Municipality of Kichevo, located in the south-western mountain region.

The Ministry of Environment and Physical Planning, after receiving the notification, started its review. According to Article 27 from the Law on Environment, the procedure for

determination of the need for assessment of the impact of the projects on the environment is performed for projects determined as per Article 77 from the Law on Environment.

As per the Decree on categories of projects and the criteria based on which an environmental impact assessment procedure is defined (Official Gazette of the Republic of Macedonia no. 75/05, 109/09, 164/2012 and 202/2016), the proposed project is part of Appendix I – Projects for which environmental impact assessment is mandatory, point 7 – The construction of: a) the highway and environmental impact assessment procedure is mandatory for this case.

For that purpose, the following step was filling in the Checklist for determining the scope of the study on assessment of the impact of the project on the environment: questions on the project characteristics and the scope of the study on assessment of the impact of the project on the environment has been determined. Apart from the question included in the Checklist for determining the scope of the study on assessment of the impact of the project on the environment, the Investor shall precisely elaborate the following questions:

*Geological and hydrogeological aspects*

These aspects are significant in terms of the environment in the phase of realization of such type of projects. Therefore they are an important segment that should be included in the Study on environmental impact assessment.

*Impacts on all of the environmental media*

These aspects are significant for this type of projects in terms of the environment during the phase of construction, especially during the operational phase. Therefore they are an important segment that should be included in the Study on environmental impact assessment.

*Visual aspects*

These aspects are significant in terms of the environment during the operational phase and the phase of utilization of such type of projects. Therefore they are an important segment of the Study on environmental impact assessment which shall include the effects on the area.

*Biological diversity*

The Study on environmental impact assessment shall include analysis of the conditions with the biological diversity of the area, any possible existence of protected and affected types of habitations, existence of protected areas, recorded areas for protection, existence of ecological networks, as well as any possible impacts that the project would have during its realization.

*Cumulative impacts*

These aspects are significant for this type of projects in terms of the environment during the the phase of construction, especially during the operational phase. The Study on environmental impact assessment shall include analysis of the cumulative impacts.

*Socio-economic aspects*

The assessment of the socio-economic aspects will provide a review of the potential direct and indirect effects of the project on the economy and the social conditions in the area of its realization.

Based on the above-stated, it has been decided as in the dispositive part of this Decision.

**Legal lesson**: Against this Decision, the Investor, the affected legal or natural persons, as well as the civic association formed for the purpose of protection and promotion of the environment could submit an appeal to the State Commission for decision-making in administrative procedures and labour relations procedures, within eight days from the day of the last publication of the decision, in accordance with Article 90, Paragraph (1) Point 2 from the Law on Environment.